## КУЌАТА НА 50 CENT НА ПРОДАЖБА



50 Cent ја продава својата вила со 52 соби во која овој американски рапер живееше последните три години. Раперот со вистинско име Curtis James Jackson ја купи куќата со површина од 4.460 метри квадратни, во септември 2003 година, во тоа време за сума од 4,1 милиони долари тој ја купил од боксерот Мајк Тајсон, кој за истата во 1996 г. платил 2,7 милиони долари. Откако ја купи куќата во Фармингтон, во државата Конектикат, раперот во нејзиното реновирање вложил повеќе од 6 милиони долари, што вклучува и изградба на платформа за слетување хеликоптери.



## ROBBIE ВО ВРСКА СО AYDA FIELD



Британската ѕвезда Robbie Williams ја најде својата нова љубов. Станува збор за 28-годишната американска артистка Ayda Field, ѕвездата на серијалот "Studio 60 on the Sunset Strip", со која е виден во една видеотека на Bel Air. Парот седел на подот во видеотеката и избирал филм, а Robbie нежно ја гушкал и бакнувал Ayda, која се шокирала кога на излезот од видеотеката ги видела папараците. Пејачот и артистката се запознале минатата година, а нивната авантура почнала пред два месеца, кога се сретнале на забава во Los Angeles. По лекувањето на Robbie Williams од антидепресиви, алкохол и кокаин, летово му донесе љубов.



